Врз основа на член 2 став 1), став 2) и став 3) од Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници („Сл.весник на РМ“ бр.72/2014 и бр.147/2014) и Решението за давање генерално овластување (бр.08-8/13 од 19.10.2018), а во согласност со член 8 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Република Македонија“ бр.13/06, 86/2007, 6/2010, 42/2014, 148/2015, 55/2016 и 64/2018), Секретарот на Општина Кочани, го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 04-896/1
22.04 2019 год.
КОЧАНИ

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за определување на службено лице за посредување при остварување на право на слободен пристап до информации**

Административниот службеник **Јалчн Неципов** распореден на работно место – **Соработник за подготовка на седници на Совет на Општина Кочани** со звање *Соработник* од делот на *ниво – В3*, во Одделението за општи и правни работи во Сектор за правни, јавни дејности и општи работи на Општинската администрација на Општина Кочани, **се определува како службено лице за посредување при остварување на право на слободен пристап до информации**, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Општина Кочани како имател на информации е должен да определи едно или повеќе службени лица за за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Врз основа на сето горе изнесено, се донесе Решение како во диспозитивот.

***Правна поука:*** *Против Решението административниот службеник има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, од денот на врачувањето на Решението.*

**Доставено до:**
- Архива
- Вработениот
- Одделение за управување со човечки ресурси

**Секретар на**
**Општина Кочани**
**Александар Јосифов**

Изготвил
Драган Ананиев